# ОДГ/ОЧП за ДИРЕКТОРИ



**Свесност**
Правилно или погрешно?

**Подготовка**
Да се биде реален и јасен

**Делуване**
Права во делувањето

## УЧИЛИШТЕ ЗАСНОВАНО НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА


LIVING DEMOCRACY

www.living-democracy.com

PH ZH IPE – INTERNATIONAL PROJECTS IN EDUCATION
ZURICH UNIVERSITY OF TEACHER EDUCATION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE




## Училиште засновано на човекови права

Во овој дел, вие како директор веројатно ќе добиете невообичаен предлог: да го оцените вашето училиште преку призма на човековите права. Ваквата цел може да има многу позитивни аспекти, а најважно - дали основниот систем на вредности доволно го унапредува инклузивното учење и личниот развој на секој ученик во вашето училиште. Дали наставниците, сите вработени, родителите, одборот и Вие самите се активно посветени во оваа работа и третирани со истата заемна почит?

За таа цел, предлагаме да се дискутираат пет теми, проследени со пет соодветни прашања:

1. Дали вашето училиште е **проактивно инклузивно** преку барање и овозможување на учество на сите ученици, особено оние кои се „различни“ етнички, културолошки, лингвистички, социо-економски и во однос на вештини и компетенции?
2. Дали вашето училиште е **академски ефикасно и релевантно** за да ги помогне потребите на учениците за животни вештини и потребното знаење и компетенции?
3. Дали вашето училиште е доволно **здраво и безбедно** за да се овозможи емоционална, психолошка и физичка добросостојба на ученикот?
4. Дали вашето училиште е **родово одговорно** во создавањето на околина и компетенции кои ја поддржуваат еднаквоста?
5. Дали вашето училиште активно ги ангажира учениците, нивните семејства и заедницата **во сите аспекти** од животот на училиште?

За сите пет теми, ќе најдете краток воведен текст во корист на вашата свесност и свесноста на вашите соработници, проследено со список на индикатори за ваше колективно прегледување. Мо
е да најдете и список на дополнителни индикатори.

Нашиот предлог за самооценување е следниот:
Заедно со тим, одберете **една** од петте теми. Во рамките на таа тема, ве молам повторно стеснете го оценувањето до 10 индикатори кои најмногу ве интересираат.

| | **(Тема 1) Инклузивност** | **(Тема 2) Ефикасност** | **(Тема 3) Здравје и безбедност** | **(Тема 4) Родова чувствителност** | **(Тема 5) Вклученост на заедницата** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Клучно прашање** | Колку е моето училиште инклузивно и кое е основното разбирање на концептот на инклузивност помеѓу стручњаците во моето училиште? | Колку академски ефикасно е моето училиште во исполнување на ветувањето за квалитетно образование за сите? | Колку здраво и безбедно е моето училиште во однос на емоционалната, психолошката и физичката добросостојба на учениците? | Дали моето училиште има родова чувствителност во создавањето на средина и компетенции кои ја поддржуваат еднаквоста? | Колку моето училиште активно ги вклучува учениците, семејствата и заедницата во сите аспекти од животот на училиште? |

*Училиште засновано на човекови права -Тема 1:*

## Иклузивност на моето училиште засновано на човекови права

### Свесност

Како и другите раководители на училиштата, вие знаете и сте слушнале и прочитале стотици пати: Образованието е признато како човеково право во бројни важни меѓународни конвенции.

Особено, Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето (КПД) се однесува на правата на децата под 18 години. Таа го признава образованието како законско право и еднаква можност за секое дете. Нејзиниот член 28 гарантира бесплатно задолжително основно образование за сите, прогресивно бесплатно средно образование, кое во секој случај треба да биде достапно за сите, како и пристапност до високото образование во однос на капацитетот. Во неа се наведува обврската на државата да донесе мерки во врска со посетувањето и дисциплината на училиште истовремено штитејќи го достоинството на децата. Ја поттикнува меѓународната соработка во однос на образованието, особено елиминирање на незнаењето и неписменоста и промовира пристап до научно и техничко знаење.



Нејзиниот член 29 ги дефинира целите на образованието и, **признавајќи ја индивидуалноста на децата, препорачува дека образованието треба да биде насочено кон личноста, талентите и способностите на секое дете**.
Во целина, освен одредбите за пристап, правото на образование ги опфаќа и обврските на државите да се воздржат од дискриминација на сите нивоа на образовниот систем и да утврдат минимални

образовни стандарди за подобрување на квалитетот на образованието.А сега: вие сте раководител на вашето училиште. Имате ограничени ресурси и сте соочени со дневните рутини и секојдневните проблеми што треба да ги решите. Да се обезбеди основно функционирање на училиштето само по себе е огромна задача. Покрај тоа, мора да одржувате топла и пријатна средина и да ги образувате сите ученици без оглед на нивниот пол, физички, интелектуални, социјални, емоционални, јазични или други индивидуални карактеристики. Вашето училиште мора да биде инклузивна институција, што е закон во многу земји. Каква задача!

Вие сте одговорни да овозможите сите вработени да ја почитуваат и промовираат различноста и еднаквите можности за сите. Покрај тоа, посакувате секој да ја третира различноста како можност, а не како пречка за квалитетно образование.

Но, каков став имате вие во овој поглед? Кои се вашите сопствени сеќавања кога станува збор за инклузијата? Дали некогаш сте доживеале лично момент на исклучување? Дали отсекогаш сте биле тој успешен ученик, наставник и раководител на училиште кој ја подига свесноста кога другите не биле вклучени? Би било од помош критички да се разгледа ова прашање и да се само-оцени сопствената ситуација, искуство и вредности. Дали ќе иницирате дејство само кога целосно се согласувате да ги поддржите сите вклучени во преземањето на ова дејство заедно со вас? Со тоа, им овозможувате на другите искуство со инклузија од прва рака и доказ за тоа колку интензивно училиштето засновано на човекови права е вклучено во практични промени, за сите ученици да можат да успеат - без оглед на нивното потекло или вештини и компетенции.

Искуството покажува дека овие промени ќе бидат во полза на сите ученици во вашето училиште со тоа што тие поддржуваат квалитетно предавање и учење за сите. Понатаму, немаат само учениците корист - сите други ќе се чувствуваат вклучени. Во инклузивно микро-општество кое ги прифаќа родителите, наставниците, вработените и администраторите, управниот одбор и сите во заедницата ќе соработуваат со вашето училиште. Дали сте подготвени за оваа авантура?

Исто така е битно вашите наставници да имаат или развијат пошироко разбирање на инклузијата. На состаноци заедно со вашите специјалисти (училишен педагог, психолог или наставници со дополнителна обука на ова поле) мора да најдете начини за да им помогнете на вашите наставници во оваа работа.

Прво, сите засегнати мора да имаат основно разбирање на инклузивноста. Следново можеби ќе ви помогне да се појасни концептот.

**Инклузијата во образованието е повеќе од од тоа што можеби мислите дека е!** https://inclusiveeducation.ca/about/what-is-ie/

Од првичното зачнување во раниот 20-ти век, и до неодамна, „инклузивното образование" се толкуваше како „вклучување на ученици со попреченост" или „посебни потреби за учење" во редовната настава во училницата. Многумина сè уште го разбираат поимот во овие рамки.

Сепак, инклузивното образование значи дека сите ученици посетуваат и се добредојдени од нивните блиски училишта во редовна настава соодветна на возраста и се поддржани да учат, да придонесуваат и да учествуваат во сите аспекти на училишниот живот.

Инклузивното образование е за тоа како ги развиваме и уредуваме нашите училишта и нашите програми и активности, така што сите ученици можат да учат и да учествуваат заедно.

Инклузивното образование е за обезбедување пристап до квалитетно образование за сите ученици преку ефикасно задоволување на нивните различни потреби на начин што одговара, прифаќа, почитува и поддржува. Учениците учествуваат во образовната програма во рамките на заедничката средина за учење со поддршка за намалување и отстранување на бариерите и пречките што можат да доведат до исклучување.

Инклузивното образование се спроведува во заедничка средина за учење, образовно опкружување каде ученици од различно потекло и со различни способности учат заедно во една инклузивна средина. Заедничките средини за учење се користат за повеќето редовни часови на настава на учениците и можат да вклучуваат училница, библиотека, теретана, простории за театар и музика, кафетерии, игралишта и локалната заедница. Така, заедничката средина за учење е место каде учениците со интелектуална попреченост или други посебни потреби можат да учат заедно со своите врсници, наместо одделно.

Ефективни заеднички средини за учење:

- Му овозможуваат на секој ученик целосно да учествува во средината на учење која е направена за сите ученици и се споделува со врсниците во одбрано образовно опкружување.
- Овозможуваат позитивна клима, поттикнете чувство на припадност и овозможете напредување на учениците кон лични, социјални, емоционални и академски цели.
- Се одговорни кон лични потреби за учење преку овозможување соодветни нивоа на поддршка и примена на наставна практика и принципи насочени кон ученикот.
- Заедничка средина на учење: една инклузивна средина каде предавањето е направено за да им се предаде на ученици со различни способности и со нивната врсничка група во училиштето, притоа одговарајќи на нивните индивидуални потреби како ученици, и да се искористи во поголемиот дел од редовните наставни часови на учениците.

Овозможување на секое дете да има еднаква можност за образовен напредок останува предизвик во целиот свет. Целта за одржлив развој 4 за Образование и Рамката за дејствување Образование 2030 ги истакнуваат инклузијата и правичноста како темели на квалитетното образование

За оваа задача - вашето училиште да биде пример за инклузивно образование, мора да имате многу колеги на иста линија уште од почетокот. Со вашиот тим, ќе треба да развиете план за тоа како подобро да се разбере ситуацијата на вашето училиште преку интегрирање на што е можно повеќе засегнати страни во процесот.

## Подготовка

Кои чекори да се преземат?

1. Формирајте тим за работа во текот на целиот процес. Заедно со вашиот тим, почнете со дискутирање на пристапот и разгледајте го списокот на индикатори.
   а. Одберете ги поважните за вашето училиште.
   б. додајте индикатори ако мислите дека некои недостасуваат.
   в. Пополнете го формуларот со околу десет индикатори кои сметате дека се битни. Внимавајте да одберете некои индикатори каде што сте добри и некои за кои ви треба дополнителна работа.

2. Со вашиот тим, подгответе план за дејствување и временска рамка за прво оценување, кое би било стартна точка за понатамошен развој. Во оценувањето вклучете:
   а. Ученици
   б. Наставници
   в. Други вработени во училиштето
   г. Родители
   д. Училишен одбор
   ѓ. Членови на заедницата со кои соработувате
   е. ...
3. Развијте го планот за дејствување и временската рамка. Внимавајте тие да вклучуваат
   а. Профилот на училиштето по првото оценување.
   б. Чекори кои треба да се преземат (во следните 6 месеци).
   в. Второ оценување за да се научи за развојот на настани



## 25 можни индикатори за вашето училиште за да се оцени вашата инклузивност:

1. Училиштето има изјава на мисијата и/или визијата и политики во врска со инклузивно образование засновано на човекови права, вклучувајќи и политика против дискриминација.
2. Наставниците можат да го разберат и објаснат целосното значење на „инклузивно образование“ (не само ученици со попреченост или посебни образовни потреби).
3. Сите ученици кои живеат во реонот на училиштето го посетуваат училиштето, освен ако родителите одбрале да го запишат нивното дете во приватно или друго училиште (каде што е применливо).
4. Сите ученици се распределени во одделенија соодветни на нивната возраст.
5. Училиштето и просториите се физички пристапни за сите ученици.
6. Училиштето знае кои професионални организации, парапрофесионалци, застапнички групи и локални организации можат да понудат ресурси за инклузивно образование кое ќе им користи на учениците со различни позадини и способности.
7. Училиштето користи повеќе типови на оценување на учениците и ниту ги оценува учениците врз основа на тестови ниту ги објавува нивните резултати.
8. Училиштето има мерки за помош на учениците со попреченост и/или посебни потреби, особено во однос на нивната заштита и набавки за нивното учење (пр. материјали со Браилова азбука, толкувачи за глувонеми, повеќејазични ресурси).
9. Наставниците посетуваат „училишта-примери“ и/или присуствуваат на работилници за развивање на инклузивни часови и училиште. Затоа, тие добиваат напредна професионална обука редовно за да го развијат потребното знаење, вештини и ставови за да ги исполнат потребите на учениците во редовната настава на инклузивен начин.
10. Родителите и групите во заедницата се запознаени со инклузивното образование и нудат идеи и ресурси за помагање на училиштето да стане поинклузивно.
11. Училиштето на специфични начини демонстрира дека неговите администратори и наставници ја разбираат важноста на инклузивното образование (ваквите начини вклучуваат механизми за гарантирање пристап кон училиштето за сите ученици без разлика на нивната позадина или способност).
12. Училиштето има (или планира да состави) разнолик персонал (составен од жени и мажи од различно потекло во однос на расата, етничката припадност, физичката способност, религијата, јазикот, социо-економскиот статус, итн.). Во земјите каде што наставниците се назначени во училиштата од страна на државата, врз основа на резултатите од испитите, итн., училиштето ги користи различните елементи што вработените ги донесуваат со себе.
13. Училиштето покажува почит кон учениците од сите религии; учениците имаат можности да учат за различни религии и системи на верувања, како што е соодветно, во училиште.
14. Училиштето има стабилно снабдување со чиста вода за пиење и служи или продава здрава, хранлива и висококвалитетна храна/закуски истовремено овозможувајќи и почитувајќи ги диететските правила од различни религии.
15. Наставниците поставуваат големи очекувања за сите ученици, без оглед на нивното потекло или способност, и ги охрабруваат да го завршат училиштето.
16. Наставниците се свесни за ресурсите што се достапни за да им помогнат на учениците со посебни потреби, вклучувајќи ги и посебните потреби за учење.
17. Сите ученици имаат учебници и материјали за учење што одговараат на нивните потреби за учење.
18. Активностите за учење се одвиваат во повеќе формати како што се индивидуални, парови, мала група и настава за целото одделение во кои се обезбедуваат хетерогени групи на ученици.
19. На учениците им се дава можност да го научат својот мајчин јазик додека го изучуваат службениот јазик/јазици на наставата.
20. Сите ученици придонесуваат за развој на упатства и правила за нивната училница и училиште за да се поттикне вклучување, недискриминација и да се спречи насилство и злоупотреба.
21. Процесите на учење и предавање, како и материјалите за учење ги ангажираат учениците на избалансиран и недискриминаторски начин, без оглед на нивното потекло или способност.
22. Во материјалите за учење обезбедени од училиштето, децата со различно потекло и способности се прикажани позитивно. Учениците го разбираат концептот на инклузивно образование и можат да ги идентификуваат културните, верските, етничките, родовите и другите пристрасности во материјалите за учење.
23. Учениците со телесен инвалидитет имаат можности за физичка игра и развој.
24. Училишната култура поттикнува соработка и тимска работа меѓу наставниците, другиот училишен персонал, учениците, родителите и членовите на заедницата кога е потребно.
25. Учениците и родителите учествуваат во донесувањето одлуки.

## Дејствување



Со вашиот тим, одберете 10 индикатори од листата.

| Избрани индикатори за инклузија. | Статус на овој индикатор во моето училиште од 1 до 10. | Чекори кои треба да се преземат (собрани од тимовите за дискусија). |
|---|---|---|
| 1) | 1……………………………..............10 | |
| 2) | 1……………………………..............10 | |
| 3) | 1……………………………..............10 | |
| 4) | 1……………………………..............10 | |
| 5) | 1……………………………..............10 | |
| 6) | 1……………………………..............10 | |
| 7) | 1……………………………..............10 | |
| 8) | 1……………………………..............10 | |
| 9) | 1……………………………..............10 | |
| 10) | 1……………………………..............10 | |

1. Врз основа на списокот погоре, подгответе хендаут или флипчартови кои ќе се даваат на сите засегнати страни вклучени во процесот на оценување.
2. Организирајте состаноци со различни засегнати страни (ученици, наставници, вработени, родители, членови на одбор, итн.) Последните можат да се сретнат во прилика на некој голем школски настан или закажани состаноци, според нивната достапност.
3. Замолете ги да дискутираат за нивното оценување и нивните коментари.
4. Дајте им задача да осмислат предлози за подобрување.
5. Соберете ги сите коментари и предлози во вашиот тим.
6. Направете јасен и остварлив главен план за следните 6 до 12 месеци.
7. Пренесете го главниот план на сите вклучени главни играчи.
8. Испланирајте го следниот период на оценување (Транспарентноста е на прво место!).

*Училиште засновано на човекови права - Тема 2:*

## Ефикасност на моето училиште засновано на човекови права

### Свесност

Секое дете има право на образование. Овој основен принцип беше развиен во Цел 4 од Агендата на ООН 2030. Она што секој наставник треба да го знае и разбира е дека образованието само по себе не е доволно: Учениците од сите возрасти имаат **право на квалитетно образование** и **ефикасни пристапи на учење**.

Така, главната цел за вашето училиште е да го гарантира токму ова: сите ученици мора да имаат можност да станат успешни ученици - на свое ниво на можни достигнувања, без оглед на родот. Образованието за сите како човеково право не може да се постигне без вас, како раководител на училиште, да се запрашате колку е ефикасно вашето училиште во својата систематска поддршка и колку се успешни вашите наставници во поддршката на индивидуалните ученици во нивната секојдневна практика во училницата.

Создавањето средина за учење што демонстрира и промовира широка дефиниција за квалитетот, мора да биде од централно значење за темата 2 - Ефикасноста на вашето училиште засновано на човекови права. Постојат многу можни критериуми за ефикасно учење. Во следните четири рубрики, предлагаме да се разгледаат четири важни аспекти на квалитетот: *Квалитет во средината за учење, расположението и подготвеноста на учениците за учење, процесите и содржината на предавање-учење и резултатите.*



**Квалитетни средини за учење се:**

• политики и практики кои забрануваат експлицитна или имплицитна дискриминација, малтретирање, понижување, насилство, телесно казнување и злоупотреба на супстанци,
• простории со адекватни училници, пристап до чиста вода и санитарни простории,
• услуги кои ја унапредуваат безбедноста, физичкото и психосоцијалното здравје.

**Квалитетни ученици се:**

• Здрави
• добро нахранети
• подготвени за учење
• поддржани од нивното семејство
• поддржани од нивната заедница

**Квалитетните процеси и содржини на предавање-учење:**

• со компетенции засновани на животни вештини и ориентирани кон ученикот
• со пристапи кон образованието и примена на технологија направени да ги намалат разликите и да промовираат квалитетно учење,
• со релевантни наставни програми и адекватни материјали за писменост и бројчана писменост, и
• суштинското знаење како и вештини и компетенции за живот.

**Резултати за квалитет:**

• дефинирани резултати од учење (знаење, ставови и вештини),
• соодветни начини за да тие да се оценат во училницата, училиштето и на национално ниво.

## Подготовка

Кои чекори да се преземат?

1. Направете тим за работа во текот на целиот процес. Со вашиот тим, почнете со заедничко дискутирање на целокупниот пристап и ревидирајте ја листата на 28 индикатори.
   а. Одберете ги оние кои се важни за вашето училиште.
   б. Додајте индикатори кои сметате дека недостасуваат.
   в. Пополнете го формуларот со околу десет индикатори кои сметате дека се важни. Бидете сигурни да одберете некои каде што сте добри, а некои каде што ви требеа дополнителна работа.

2. Подгответе тимски план за дејствување и временска рамка за прво оценување, кое ќе биде стартна точка за понатамошен развој. Во оценувањето вклучете:
   а. Ученици
   б. наставници
   в. други вработени
   г. родители
   д. училишен одбор
   ѓ. членови на заедницата со кои можеби соработувате
   е...

3. Развијте го планот за дејствување и временската рамка. Внимавајте тие да вклучуваат
   а. училишниот профил по првото оценување.
   б. чекори кои ќе ги преземете (во следните 6-12 месеци).
   в. второ оценување за да се увиди напредувањето



## 28 можни индикатори за вашето училиште да ја оцени вашата ефикасност:

1) Училиштето има јасна изјава за мисија и/или визија која е истакната и е соодветно објаснета на сите вработени, учениците, родителите и членовите на заедницата.

2) Училиштето има, следи и спроведува политики против каква било форма на дискриминација што се однесува на запишувањето и наставата.

3) Училиштето има, следи и спроведува политики против физичко казнување и каква било друга форма на насилство.

4) Училиштето има, следи и спроведува политики за правилна санитација и хигиена за наставниците, вработените и учениците.

5) Директорот на училиштето обезбедува стратешка насока и ефективно лидерство водено од пишан план за надзор.

6) Училиштето се координира со локалните предучилишни центри за да обезбеди непречено продолжување на раниот детски развој.

7) Постојат соодветни работни маси, столови и простории во училницата за да ги задоволат потребите и способностите на сите ученици.

8) Училишните терени обезбедуваат доволно простор за учениците да играат безбедно и - ако е можно - креативно.

9) Училишните згради и објекти се чисти, безбедни и редовно се одржуваат.

10) Училниците се уредни и имаат соодветно осветлување, вентилација, греење и ладење.

11) Достапни се соодветен број чисти и засебни женски и машки тоалети за употреба од девојчиња и момчиња, како и од женски и машки вработени во училиштето.

12) Сите ученици имаат лесен пристап до чиста вода за пиење.

13) Обезбеден е и одржуван соодветен систем за отстранување на отпад.

14) Наставната програма и работата во училница ги поддржуваат потребите за учење на секој ученик на значаен и практичен начин. Ако не, се препорачуваат соодветни адаптации на наставната програма што е можно повеќе.

15) Наставниците се подготвени и способни да се справат со контроверзни прашања (кои можат да произлезат од содржината на едукативни материјали, учебници и ресурси за учење) и подготвени да го поттикнат критичкото размислување и разбирање.

16) Наставниците редовно подготвуваат планови за часови и соодветно ги ревидираат.

17) Кога е потребно, наставниците ги поддржуваат учениците во изучувањето на службениот јазик (јазици) на настава, притоа почитувајќи го и поддржувајќи го учењето на мајчиниот јазик на децата - колку што е тоа можно.

18) Наставниците добиваат соодветна обука за пристапите на учење насочени кон учениците за да се овозможи учениците да учествуваат активно во нивното учење, да се почитуваат индивидуалните разлики и се унапреди благосостојбата на учениците. Наставниците користат наставни методи кои одговараат на возраста, способностите и начинот на учење на секој ученик.

19) Наставниците редовно ги оценуваат постигањата на своите ученици, користејќи различни видови оценување, со цел да обезбедат повратни информации и насоки за да им помогнат на учениците да се подобрат.

20) Сите ученици се охрабруваат да работат заедно во флексибилни и хетерогени групи за да решаваат проблеми, да прават проекти и да ги постигнат своите цели за учење.

21) Сите ученици се охрабруваат да ги изразат своите ставови и чувства преку уметноста (музика, цртање, драма, фотографија, итн.)

22) Учењето во училница е флексибилно, динамично и активно и се случува во контекст на ред и стабилност.

23) Секоја училница има „ученичко ќоше“ со материјали за дополнително учење и рекреација, како и изложена работа на учениците.

24) Училиштето презема позитивни чекори за вреднување на наставникот, како што се овозможување на унапредувања - каде тоа е можно - и споделување на достигнувањата.

25) Наставниците ги поддржуваат своите колеги споделувајќи ефикасни техники на настава и разменувајќи искуства.

26) На наставниците им се дадени можности за професионален развој, како и иновации (на пр. преку учење засновано врз проекти или техники на само-рефлексија или рефлексија од врсниците).

27) Наставниците имаат сопствена сала и/или просторија за работа.

28) Заедницата е мобилизирана да ги поддржува наставниците и нивната настава.

## Дејствување

Во вашиот тим, одберете 10 индикатори од списокот.

| **Одбрани индикатори за ефикасност** | **Статус на овој индикатор во моето училиште од 1 до 10.** | **Чекори кои треба да се преземат (собрани од страна на тимовите за дискусија).** |
|---|---|---|
| 1) | 1……………………….............10 | |
| 2) | 1……………………….............10 | |
| 3) | 1……………………….............10 | |
| 4) | 1……………………….............10 | |
| 5) | 1……………………….............10 | |
| 6) | 1……………………….............10 | |
| 7) | 1……………………….............10 | |
| 8) | 1……………………….............10 | |
| 9) | 1……………………….............10 | |
| 10) | 1……………………….............10 | |

1. Врз основа на списокот погоре, подгответе хендаут или флипчартови кои ќе се даваат на сите засегнати страни вклучени во процесот на оценување.
2. Организирајте состаноци со различни засегнати страни (ученици, наставници, вработени, родители, членови на одбор, итн.) Последните можат да се сретнат во прилика на некој голем школски настан или закажани состаноци, според нивната достапност.
3. Замолете ги да дискутираат за нивното оценување и нивните коментари.
4. Дајте им задача да осмислат предлози за подобрување.
5. Соберете ги сите коментари и предлози во вашиот тим.
6. Направете јасен и остварлив главен план за следните 6 до 12 месеци.
7. Пренесете го главниот план на сите вклучени главни играчи.
8. Испланирајте го следниот период на оценување (Транспарентноста е на прво место!).



*Училиште засновано на човекови права - Тема 3:*

## Оценување на политики поврзани со добросостојбата, безбедноста, и заштитата во моето училиште засновано на човекови права:

### Свесност

Физичката, менталната и социјалната добросостојба се меѓусебно поврзани основни фактори за добри резултати од учењето. Доброто физичко здравје на ученикот го унапредува запишувањето (особено кај популацијата со ниска образованост), го намалува отсуството и повторувањето на одделенија и ги унапредува постигнувањата во образованието. Што се однесува до менталното здравје, не се работи само за немање ментална болест. Менталното здравје е добросостојба која им овозможува на луѓето да го остваруваат нивниот потенцијал на учење, да се справат со нормалниот стрес и да останат поврзани со заедницата и пријателите, што придонесува кон социјалната благосостојба.

Покрај зголемување на можностите и изборите на една личност во животот, унапредувањето на физичката добросостојба и менталното здравје како основна образовна функција им помага на учениците да се подготват:

- успешно да го управуваат текот на нивното образование
- да изградат отпорност кон неповолни околности
- да развијат проактивни способности за справување со физичко и ментално лошо здравје.

Исто така, им обезбедува вештини и самодоверба самите да бараат помош за рано интервенирање ако е потребно. (https://www.education.vic.gov.au/school/teachers/health/mentalhealth/Pages/promoting-mental-health.aspx August 21, 2020)



Иако вашата одговорност за општата добросостојба на учениците е заедничка со други засегнати страни, училиштата мораат да дадат значајно насочување и позитивно влијание во многу области преку дневна практика:

1. **Политиките поврзани со добросостојба** во училиштата помагаат да се обезбеди безбедно и сигурно физичко опкружување и позитивно психосоцијално опкружување за учениците, со што проактивно се чува од повреди и насилство, како што се малтретирање, злоупотреба или сексуално вознемирување.

2. **Обезбедувањето безбедна вода за пиење и санитарни јазли** како први чекори за создавање здрава училишна средина ги зајакнува позитивните хигиенски навики и однесувања. Во светло на пандемиската криза КОВИД-19, сите знаеме колку е важно ова. Вашето училиште, исто така, ќе се обиде да обезбеди посебни санитарни јазли и приватност за девојчињата како важен фактор што придонесува за намалување на отсуството од работа за време и пред периодот на менструација.

3. **Здравствено образование засновано на вештини** кое се фокусира на развој на знаење, ставови, вредности и релевантни животни вештини потребни за донесување соодветни, позитивни одлуки, воспоставување на доживотни здрави практики и намалување на ранливоста на злоупотреба на супстанции

4. Во вашето училиште се обезбедуваат **соодветни часови по физичко образование, што може да има позитивно влијание** врз физичкото здравје, самодовербата, когнитивната функција и нивото на стрес и вознемиреност на вашите ученици.

5. **Услуги за здравје и исхрана базирани во училиштата**, кои се достапни и безбедни и можат да одговорат на проблеми што може да бидат актуелни и важни на краток или долг рок.

6. Вашето училиште има за цел да го **подобри социо-психолошкиот развој на учениците** преку обезбедување на безбедна и поддржувачка средина за учење, вклучително и ситуации поврзани со време за игра на училиште, активности после во училиште и патување помеѓу училиште и дома. Овие различни средини поврзани со училиштето имаат важно влијание врз тоа како се чувствуваат учениците во однос на одење на училиште и врз создавањето оптимална социо-емоционална атмосфера во која се промовира ефикасно и ефективно учење.

7. **Во вашето училиште е забрането телесно казнување на учениците**. Телесното казнување во училиштата е забрането во многу европски земји како неприфатливо и штетно врз менталното здравје и ефективното образование. Телесното казнување го потиснува непожелното однесување само за краток временски период, истовремено создавајќи атмосфера на страв или срам. Исто така е поврзано со високи стапки на проблеми со менталното здравје, вклучително и злоупотреба на супстанции подоцна во зрелоста. Постојат сè поголем број докази дека дисциплината се учи преку охрабрување, како и од последици што се фер, цврсти и јасно соопштени.

## Подготовка

